# Колач со портокал

Овој рецепт е класичен Англиски колач кој најверојатно би го сретнале во тивка селска кафетерија. Одењето на попладневна шолја чај послужена со парче колач со пријателите е многу популарна традиција, а овој колач со портокал ќе ја задоволи Вашата желба за слатко барем на неколку дена.



**Состојки:**

**За колачот ќе ви треба:**

- 175 грама шеќер
- 175 грама путер
- кора од еден портокал
- сок од 2 портокала
- 4 jajца
- 175 грама брашно
- две и половина лажички прашок за печиво

**За филот ќе ви треба:**

- 280 грама омекнат путер
- 500 грама шеќер во прав
- 2 лажици млеко
- 2 лажици сок од портокал

## Чекор 1

Започнете го правењето на колачот со матење на путерот и шеќерот со миксер. Потоа додадете ги и другите состојки. Јајцата, брашното, кората и сокот од портокал, и убаво изматете ги.

## Чекор 2

Намачкајте ги округлите силиконски калапи и подеднакво наполнете ги. Ставете ги во рерна загреана на температура од 150 степени 30 минути.

## Чекор 3

Во меѓувреме направете го креместиот фил од путер – ова е извонредно богат фил карактеристичен за Англиските колачи.

Изматете ги омекнатиот путер, шеќерот во прав, млекото и сокот од портокал со висока брзина.

Оставете го филот да отстои во фрижидер додека да бидете спремни за финалната подготовка на колачот.

## Чекор 4

Извадете ги печените колачи од рерната и оставете ги потполно да се изладат, а потоа извадете ги од калапите. Време е за финалната подготовка на колачот.

**Чекор 5**
Почнете со еден од колачите и врз него нанесете обилна количина фил од путер со вкус на портокал. Намачкајте го целиот колач до рабовите.

Ставете го вториот колач одозгора и повторете ја постапката со филот, но овојпат декорирајте го филот со вилушка за да добиете убава шара.

За украсување користиме тенко исечкани парченца кора од портокал одозгора!

**Совет**
Кога се работи за ваков колач, не Ви треба големо парче.

Едноставно земете вилушка и полека грицкајте од колачот со шолја чај или кафе додека водите пријатен разговор со блиски пријатели.

За овој рецепт слободно можете да го замените портокалот со лимон и да добиете поинаков вкус на јужно овошје.

**Користени производи:**



**Сет од 5 калапи**

delimano

Ти благодариме што си дел од МоиРецепти заедницата.
Испрати го твојот омилен рецепт на www.moirecepti.mk